Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр.58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19, 110/19 и 121/24) и член 160 став 2 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 229/20, 3/25, 74/25, 250/25 и 111/26), министерката за образование и наука, донесе

# Правилник

## за дополнување на Правилникот за мерила и критериуми за распоредување на средства за државните основни училишта

**Член 1**

Во Правилникот за мерила и критериуми за распоредување на средства за државните основни училишта бр. 12-15999/1 од 19.12.2025 година, во членот 11 по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

„Државните основни училишта и другите корисници на кои се распоредуваат средства согласно овој правилник, доставуваат до Министерството за образование и наука извештај за потрошените средства по ставки и намени по завршување на секој квартал, во рок од 15 дена“.

**Член 2**

Овој правилник стапува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**Министерка за образование и наука,**
**проф. д-р Весна Јаневска, с.р**

**Бр. 12-9711/1**
**23.07.2026 година**
**Скопје**